**ОГЛАС**

Датум на објава: 27.04.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина ", објавува оглас за избор на **1 новинар** за изработка на истражувачка новинарска сторија согласно целите и потребите на проектот.

Имено, во рамките на проектот предвидено е да се прикаже животот на жената во руралната средина и справувањето со предизвиците кои што со себе ги донесе кризата предизвикана од вирусот Ковид 19, а која што особено се одрази на продлабочување на родовиот јаз како во урбаните, така и во руралните средини.

Новинарот треба да доаѓа од подрачјето на општина Куманово затоа што се поддржуваат локалните соработници во општината поради погоденоста на истата од кризата, а дополнително треба да ги исполнува следниве критериуми:

- Да има работно искуство минимум 3 години во медиумската сфера, додека пак работењето со граѓанските организации ќе се смета за предност.
- Да биде достапен во периодот на месец мај кога и треба да се изработи сторијата;
- Да го поддржи нејзиното објавување на што поголем број на медиуми како би се овозможило пошироката јавност во што поголем број да се запознае со животот на овие жени во руралните

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

1.1. ***Изработена 1 новинарска сторија на тема Руралната жена и Ковид***

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) најдоцна до **04 мај 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина" *е финансиски поддржан во рамките на програмата на Цивика Мобилитас.*

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА - Куманово
✉ село Режановце, 1300 Куманово, и ул. Орце Николов 29/6, 1000 Скопје
◇ ☏ 078 303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com; web: www.rural.mk ◇